**Упатство за примена на** ***Правилникот за начинот на проверување на објективноста на наставникот при оценување на постигањата на успехот на учениците по наставните предмети со кои учениците се стекнуваат со вештини, односно по наставните предмети за кои не може да се врши екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците во основните училишта***

Проверувањето на објективноста на наставникот при оценување на постигањата на успехот на учениците по сите наставни предмети согласно наставниот план од прво до трето одделение, музичко образование, ликовно образование и физичко и здравствено образование од четврто до деветто одделение, како и по техничко образование во четврто, петто и шесто одделение се врши преку увид во збирката на доказите за стекнатите знаења, вештини и способности на ученикот/ученичката.

Во натамошниот текст се даваат примери за тоа што се смета за доказ за стекнатите знаења, вештини и способности на ученикот/ученичката.

**За прво одделение докази можат да бидат:**

- по ***македонски јазик, албански јазик, турски јазик или српски јазик:*** исказ на ученикот/ученичката на некоја тема од наставната програма; вербално решение за проблем ситуација; измислена реченица според дадени зборови; текст за кратка драматизација измислен од ученикот/ученичката; искази за добри и лоши постапки на ликовите во приказните, куклените претстави и сл., при што текстовите создадени од ученикот/ученичката се запишани од наставникот и/или пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година, како на пр., опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;

- по ***математика***: слика од исечени кругови, квадрати, триаголници, правоаголници; нацртани предмети според дадена карактеристика - боја, големина, форма и положба; доказ за логичко размислување на ученикот/ученичката; изработена фигура од танграм; формирано множество со даден број елементи; сликовито претставување на резултати од мерењето и сл. и/или пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката

на почетокот и во текот на наставната година, како на пр., опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;

- по ***запознавање на околината***:, цртеж и исказ за позитивната слика за себе; предлог и цртеж за правилно однесување во училницата; илустрација на македонското знаме - со примена на ИКТ; албум со фотографии и разгледници за убавините на Република Македонија; книга од ученикот/ученичката по истражувачка активност за овошен плод и сл.) и/или пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година, како на пр., опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;

- по ***ликовно образование:***, цртеж со молив; слика на одредена тема; творба изработена со печатење на текстил; фотографија на фигура изработена од ученикот; оригами; слика изработена со сок од овошни и зеленчукови плодови и сл.) и/или пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година, како на пр., опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;

- по ***музичко образование:*** пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година, како на пр., опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл,;

- по ***физичко и здравствено образование:*** пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година, како на пр., опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.

**За второ одделение докази можат да бидат:**

- по ***македонски јазик, албански јазик, турски јазик*** **или** ***српски јазик:*** лист со правилно напишани големи и мали печатни букви; препишан текст од печатно на ракописно; лист со самостојно составени реченици по дадени зборови, слики, предмети; писмена вежба за употреба на голема буква на почетокот на реченицата и во зборови што означуваат лично име и презиме; писмено прераскажан настан,

ТВ емисија, напишана честитка по повод празник и/или опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл;

- по ***математика:*** цртеж со слободна рака и со помош на шаблон триаголник, квадрат, правоаголник, круг; цртеж на Венов дијаграм; работен лист на кој се обележени соодветни парови; работен лист каде ученикот споредува броеви и притоа користи симболи „>", „<" и „="; работен лист каде е претставено собирање на броевите до 20; избоена половина од геометриска слика; цртеж на линија со различна должина - до 20 центиметри; изготвен ценовник на најсакани чоколади, моливи и сл,; табела со внесени податоци со симболи и/или опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;

- по ***запознавање на околината:*** цртежи на основни детски права; изработен календар на празници; цртежи на објекти-нови и стари градби во местото на живеење; цртеж на своето семејно стебло; доказ за истражувачка активност за избегнување на можните опасности во домот; книга за истражувачка активност со вода; работен лист за следење на растењето на посадено цветно растение; книга за одлики на годишно време; книга за истражувачка активност за светлина; цртеж на сообраќајни средства; и/или опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;

- по ***ликовно образование:*** цртеж, шара од народен вез; доказ за истражување за тоа како се добиваат секундарните бои - портокалова, виолетова и зелена боја; слики на хартија различна по форма; самостојно изработена монотипија; изработен дезен за текстил, салфетки, шалче; сликање на темна подлога со светли бои и тонови, и/или опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;

- по ***музичко образование*** пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година како на пр., опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;

- по ***физичко и здравствено образование*** пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година како на пр., опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.

**За трето одделение докази можат да бидат:**

- по ***македонски јазик, албански јазик, турски јазик*** или ***српски јазик:*** листови со напишани зборови со печатни букви на латиница; писмена вежба за разликување на општите и сопствените именки од другите зборови; вежба за правилно пишување на редните броеви; вежба за усвојување на глаголите како видови зборови и нивното разликување од останатите зборови во реченицата и текстот; работен лист каде ученикот/ученичката препознава главни и споредни ликови; лист со применета поговорка и гатанка при анализа на текст; писмено прераскажана гледана претстава, филм и сл.; состав според слика; писмено прераскажана бајка, басна; и/или опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.);

-по ***математика:*** работен лист со парни броеви до 100; работен лист со решени задачи со одземање едноцифрен од двоцифрен број–без премин; решени задачи со одземање едноцифрен од двоцифрен број со премин; решени проблемски ситуации; решени текстуални задачи со две операции; пресметан збир на должини на искршена линија; решени задачи со множење и делење со броеви од 5 до 10; претставени податоци од мерењето во табели и графикони; составена табела и нацртан графикон; доказ за познавање на мерки за време; доказ за познавање на мерки за маса и течности; и/или опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;

- по ***запознавање на околината:*** напишан текст на тема: Јас сум највешт во....; Помагам на другите; разработена идеја за уредување на училишниот простор; семеен албум; составен албум и мени за здрава храна; книга за местото на живеење; собрани легенди за родниот крај; книга од истражување на пошта; книга од истражување на звукот; книга за истражување на растение; албум за животни; книга за мерење на времето во минатото и сега; изработени сообраќајни знаци; албум за воден, воздушен и сувоземен сообраќај; и/или опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;

- по ***ликовно образование:*** цртежи со туш, перце, дрвце; слика со контрасни бои; слика по фантазија; изработена маска; творби добиени со печатење со разновиден

материјал; изработен накит; опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;
- по ***музичко образование*** пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година и/или опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;
- по ***физичко и здравствено образование*** пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година и/или опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.

**За *англиски јазик* во прво, второ и трето одделение** докази за стекнатите знаења, вештини и способности на ученикот/ученичката според која се врши проверување на објективноста на наставникот при оценување на постигањата на успехот на ученикот можат да бидат:
- **за прво одделение**: опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;
-**за второ одделение**: опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.;
- **за трето одделение**: цртеж на просториите во домот и презентирање пред целото одделение, вежба од типот со користење на флеш карти да се групираат елементите според трите главни оброци, правење цртеж по даден опис на соученик, изработка на слики и постери, составување на едноставни зборови од дадени букви со измешан редослед и/или опсервациона листа, анегдотска белешка, чек листа, интервју и сл.).

**За *музичко образование* од четврто до деветто одделение** докази можат да бидат :

- *Пеење:* чек листи, дескриптивни листи; *Музичка писменост*: чек листи, холистички листи, аналитички листи, разни апликации за утврдување на музичката писменост; *Слушање музика:* есеистички прашања, ликовно изразување (цртеж, скулптура и др.) или литературно изразување (краток расказ или песна) каде ученикот сам го избира начинот на изразување според своите афинитети, мини проекти за композитори, *Свирење на детски*

*музички инструменти:* чек листи; дескриптивни листи; *Народно музичко творештво*: албуми за собирање слики за народни инструменти, орска народна традиција, мисловни мапи; *Основи на музичките форми*: наставни листови (со листа за бодување); *Вокална музика*: холистичка листа, мисловна мапа, албум за собирање слики вокални интарпретатори и хорови; *Музички инструменти*: холистичка листа, мисловна мапа, албум за собирање на музички инструменти; *Музичко изразување и творење*: ликовно изразување (цртеж, скулптура и др.) или литературно изразување (краток расказ или песна) каде ученикот сам го избира начинот на изразување според неговите афинитети; докази за следење на напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година.

**За *физичко и здравствено образование*** од четврто до деветто одделение докази можат да бидат на пример: евидентни листи, опсервациона листа, чек листа, резултати од натпревари и сл.

Наставникот води и личен картон за ученикот/ученичката каде што се евидентираат податоци за морфолошкиот статус на ученикот/ученичката, психомоторните способности и функционални способности.

**За *ликовно образование*** од четврто до деветто одделение докази можата да бидат: дел од ликовни творби и скици на ученикот, изработени при практичната реализација, фотографирани ликовни творби и скици на ученикот, изработени при практичната реализација, мини проекти, како и презентации за различни наставни теми и листа на инструменти за следење на напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година (и/или чек листа, наставно ливче, тест на знаење, самооценување).

За ***техничко образование*** од четврто до деветто одделение докази можат да бидат: дел од творбите и скиците на ученикот/ученичката, изработени при практичната реализација; фотографирани творби и скици на ученикот/ученичката, изработени при практичната реализација; мини проекти, како и презентации за различни

наставни теми;и/или чек листа, наставно ливче, тест на знаење, самооценување и сл.